РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-38

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Тева Фармацеутикал Индустрис Лтд. (Teva Pharmaceutical Industries Ltd.) со седиште на 5 Базел стрит, Петах Тиква 4951033, Израел, доставено преку полномошник Нина Петковска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 07.06.2018 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Тева Фармацеутикал Индустрис Лтд. (Teva Pharmaceutical Industries Ltd.) со седиште на 5 Базел стрит, Петах Тиква 4951033, Израел стекнува единствена контрола над фармацевтскиот бизнис за продажба на лекови што се издаваат без рецепта (ОТЦ) на ПГТ Хелткер ЛЛП (PGT Healthcare LLP) со седиште на Корпоративен труст центар, 1209 Оринџ стрит, вилмингтон, Делавер 19801, САД, преку купување на имот нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 27.04.2018 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) прими известување за концентрација со која Тева Фармацеутикал Индустрис Лтд. (Teva Pharmaceutical Industries Ltd.) со седиште на 5 Базел стрит, Петах Тиква 4951033, Израел стекнува единствена контрола над фармацевтскиот бизнис за продажба на лекови што се издаваат без рецепта (ОТЦ) на ПГТ Хелткер ЛЛП (PGT Healthcare LLP) со седиште на Корпоративен труст центар, 1209 Оринџ стрит, вилмингтон, Делавер 19801, САД, во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренција.

Во текот на постапката:

Комисијата со допис бр.08-38 од 08.05.2018 година од Тева Фармацеутикал Индустрис Лтд (во понатамошниот текст: Тева) побара дополнување на известувањето.

Со допис бр. 08-38 од 11.05.2018 година Тева достави дополнување на известувањето.

На 15.05.2018 година Комисјата на Тева и издаде потврда бр. 08-38 за целосност на известувањето.

Со допис бр.08-38 од 15.05.2018 година Комисијата од Тева побара доставување на дополнителни појаснувања.

Со Заклучиок бр. 08-38 од 15.05.2018 година Комисијата од: ПЗУ Аптека Голд-Мун Скопје, ПЗУ Аптека Алпи Фарм Скопје, ПЗУ Аптеки Галениум Фарм Скопје, ПЗУ Аптека Анаконда Тетово, ПЗУ Аптеки Зегин Скопје, ПЗУ Аптеки Деметра Куманово, ПЗУ Аптеки Виола Скопје и ПЗУ Аптеки Еурофарм Скопје побара доставување на податоци за вкупно остварени приходи во 2017 година одделно по лекови во сите нивните атпеки во АТС категоријата N02B за лекови кои се издаваат без рецепт (со прилог табела со детална листа со називот на лековите за кои треба да се доставет податоци) и број на аптеки кои ги поседуваат во 2017 година во Р.Македонија.

Со допис бр 08-38 од 21.05.2018 година ПЗУ Аптеки Виола, Скопје ги достави бараните податоци

Со допис бр 08-38 од 22.05.2018 година ПЗУ Аптеки Анаконда, Тетово ги достави бараните податоци

Со допис бр 08-38 од 22.05.2018 година ПЗУ Аптеки Еурофарм, Скопје ги достави бараните податоци

Со допис бр 08-38 од 23.05.2018 година ПЗУ Аптеки Деметра, Куманово ги достави бараните податоци

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Со допис бр 08-38 од 28.05.2018 година ПЗУ Аптеки Зегина Фарм, Скопје ги достави бараните податоци

Со допис бр 08-38 од 29.05.2018 година ПЗУ Аптеки Алпи Фарм, Скопје ги достави бараните податоци

Со допис бр 08-38 од 29.05.2018 година ПЗУ Аптеки Галениум Фарм, Скопје ги достави бараните податоци

Со допис бр 08-38 од 29.05.2018 година ПЗУ Аптеки Голд Мун, Скопје ги достави бараните податоци

Со допис бр.08-38 од 30.05.2018 година Тева го достави дополнително бараното појаснување.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото, дополнувањето и дополнително прибавените податиц во текот на постапката го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

1.Тева е глобална фармацевтска компанија, со седиште во Израел, вклучена во развој, производство и маркетинг на генерички и сопствени фармацевтски производи, како биофармацветски производи, како и активни фармацевтски состојки. Во Македонија Тева Гроуп е активна во увоз и трговија на големо на фармацевтски производи.

Тева Гроуп има една подружница во Македонија – Плива Скопје д.о.о., Никола Парапунов 6.6., 91000 Скопје, Македонија, и со дејност трговија на големо со фармацевтски производи. Во Македонија, Тева врши продажба само на веледрогерии, но не и на трговци на мало (аптеки). Тева продажбата кон веледрогерии ја врши преку Плива Скопје.

2.Фармацевтскиот бизнис за продажба на лекови што се издаваат без рецепта (ОТЦ) на ПГТ Хелткер ЛЛП (PGT Healthcare LLP) се состои од одреден број на лекови што се издаваат без рецепта (ОТЦ) со кои Тева имаше свој удел во ПГТ, и коишто моментално се под единствена контрола на ПГТ, која пак е под единствена контрола на П&Г во смисла на Законот за заштита на конкуренција. Особено во Македонија, во Целниот бизнис спаѓаат ацетилсалицилна киселина (што се пушта во промет и се продава под брендот „Андол“), ацетилсалицилна киселина / аскорбинска киселина (што се пушта во промет и се продава под брендот „Андол Ц“), бромхексин (што се пушта во промет и се продава под брендот „Бисолекс“), алуминиум хидроксид-магнезиум карбонат / магнезиум хидроксид (што се пушта во промет и се продава под брендот „Гастал“), парацетамол / аскорбинска киселина / псеудоефедрин (што се пушта во промет и се продава под брендот „Максфлу“), аскорбинска киселина (што се пушта во промет и се

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

продава под брендот Пливит“) и хлоропирамин (што се пушта во промет и се продава под брендот „Синопен“). Фармацевтските производи што се дел од Целниот бизнис во Македонија ги дистрибуира Тева. Според тоа, Тева исто така е носител на одобрението за пуштање во промет на производите на Целниот бизнис во Македонија. Целниот бизнис генерира само скромен приход во Македонија од околу ЕУР 800.000 (УСД 987.000) во 2017 г.

Предложената трансакција се однесува на пазарите за фармацевтски производи што се издаваат без рецепта (ОТЦ) во следните АТЦ3 класи: А02А, А11Г, Б01А, Д04А, Н02Б и Р05Ц.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) (i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**